Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2023 година

KUVENDI I REPUBLIKES SE MAQEDONISE SE VERIUT-SHKUP

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 02. 05. 2023 | | |
| | Број / Numër | | Вредност / Vlerë |
| 08 | 2544/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 132,137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

2

Emilija Pandalova E. Pandalova

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за извршување како дел од реформата на извршувањето во државата е донесен во 2005 година кој до 2015 година има претрпено повеќе измени кои во комбинација со динамичноста на целокупниот правен промет и технолошкиот развој создадоа дополнителен проблем врз примената која наметна донесување на нов закон во 2015 година.

Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/2020) е структуриран на начин со кој се уредени законски правила за постапување на извршителите при присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, доколку со друг закон поинаку не е определено, при присилно извршување на одлука донесена во управна постапка која гласи на исполнување на парична обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено како и при присилно извршување на нотарски исправи и други извршни исправи предвидени со закон.

Имајќи ги во предвид реалните општествени состојби и меѓународните стандарди, и со новиот Закон за извршување, извршувањето се спроведува кај приватните извршители, на кои им се доверени јавни овластувања.

Иако главната и основна цел на законот беше формулирање на добро осмислени, јасни и лесно применливи одредби преку кои ќе се ефектуира правото на правично судење во разумен рок, како основно човеково право, загарантирано со Европската конвенција за човекови права, во кое бездруго спаѓа и извршувањето на правосилните обврзувачки судски одлуки, сепак одредени законски решенија остана недоречени и законот низ изминатите години претрпе дополнителни измени и дополнувања со кои се допрецизираат или уредат прашања значајни за оваа област во државата.

Во постапките за извршување извршителите преземат дејствијата во рамките на нивните овластувања, со кои ја спроведуваат извршната исправа и ги преземат извршните дејствија.

Постојниот начин на извршување поради неможност за исплатата на каматата на долгот определена во извршната исправа остава простор за нарушување на егзистенцијата на голема група на граѓани кои во постапката на извршување се јавуваат како должници.

Оваа состојба е алармантна и неопходна за регулација и состојба за која интервенираат граѓаните и други институции во државата, кои заради природата на проблемот и неговиот опсег е потребно законски да се регулира во делот на висината на износот на неисплатената казнена камата, која не така ретко го надминува и износот од главниот долг.

Заради законска заштита на граѓаните како странки, учесници во постапката за извршување кои имаат својство на должници и уредување на оваа област се предлага изменувањето на Законот за извршување.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предложеното законско решение се темели на начелото на заштита на странките, учесниците во постапката и нивните семејства и истите се одраз на потребите од решавањето на постојните проблеми со кои се соочуваат граѓаните во постапките на извршување.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот нема да предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Спроведувањето на Законот нема да предизвика материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Врз основа на членот 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, предлагаме Собранието да расправа по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за извршување по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/2020), во членот 18 став (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно до моментот кога неисплатената камата ќе го достигне износот од главниот долг.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за извршување содржи 2 члена.

Членот 1 го допрецизира членот 18 во делот на тоа кога престанува да тече наплата на камата и законска казнена камата на должникот.

Со предложената одредба се уредува дека кога во извршната исправа е определена наплата на камата од должникот, таа се пресметува и наплатува до денот на исплатата на средствата на посебната сметка на извршителот, односно до моментот кога неисплатената казнена камата ќе го достигне износот од главниот долг.

Членот 2 го уредува влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата предвидени во овој предлог закон се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение ќе се ускрати можноста казнената камата определена за наплата од должникот во извршната исправа да биде повисока од главницата на долгот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ
КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Наплата на камата и законска казнена
Камата

Член 18

(1) Кога во извршната исправа е определена наплата на камата од должникот, истата се пресметува и наплатува до денот на исплатата на средствата на посебната сметка на извршителот.

**Ставот 2 е укинат** со Одлука на Уставниот суд У.бр.94/2019 („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 136/20).